РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANADALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 09 - 1778/2
21-05-2020 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава со наводи за постоење на судир на интереси од познат подносител, на 30 - та седница прво продолжение одржана на ден 18 мај 2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба судир на интереси со бр. 09-1778/1 од 06.03.2019 година доставена од познат подносител СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување по предметот со број 09-1778/1 од 06.03.2019 година.

Предметот со број 09-1778/1 од 06.03.2019 година да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-1778/1 од 06.03.2019 година е оформен врз основа на пријава од познат подносител со наводи за постоење на судир на интереси помеѓу истражен судија и претседател на здружение поради тоа што нивните деца се во брак, во постапка која се водела пред Јавното обвинителство Куманово по поднесено барање од СВР Куманово од 11.01.2013 година против ловци за незаконски отстрел на диви свињи.

Од приложената документација во наведената пријава, Државната комисија констатира дека ОЈО Куманово донело Решение со КО. Бр. 118/13 од 28.02.2014 година дека се отфрла кривичната пријава поднесена од СВР Куманово против повеќе лица за сторено дело – Незаконит лов, бидејќи не постои основно сомневање дека пријавените го сториле делото кое им се носи на товар, по што постапил надлежен орган.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: Кате Здравкоска, советник
Одобрил: Горан Трпеноски, член на ДКСК


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk